# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 15 Септември 2023 година<br>Скопје<br>Бр.10 Год. XVIII |
| --- | --- |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за обезбедување на посебни права и ослободување на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров ..........стр.2
2. Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2023 година ..........стр.5
3. Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2023” ..........стр.8
4. Одлука за за усвојување на Годишен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“, за период од 2022/2023 година ..........стр.10
5. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Росица“ за период од 2023/2024 година ..........стр.12
6. Одлука за усвојување финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за 2024 година ..........стр.14


Септември 2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за обезбедување на посебни права и ослободување на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за обезбедување на посебни права и ослободување на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесеттитретата седница на советот, одржана на ден 15.09.2023 година.

**Број 09-1787/1**
**од 15.09.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 11, став 2 и 3, а во врска со член 36, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/ 02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“, бр. 8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 33-та седница одржана на 15.09.2023 година, донесе:

## О Д Л У К А

### за обезбедување на посебни права и ослободување на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров, кои се родители на деца, се ослободуваат од плаќање на месечните износи на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ и износите за надоместоци на трошоци за престој во детската градинка.

Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства кои се родители на деца имаат првенство на запишување на децата во Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“.

**Член 2**

Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров, кои се родители на деца кои учат во основно училиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, се ослободуваат од плаќање на трошоците за:

- оброкот (ужинка) и оброците (појадок и ручек);
- воннаставните активности утврдени со Годишната програма за работа на училиштето, коишто се незадолжителни активности, а се однесуваат: на посета на театарски и кино претстави, концерти, фестивали, и други настани што се поврзани со воспитно-образовниот процес на учениците; на претплата за ученички списанија; за организирани екскурзии, летувања/зимувања.

**Член 3**

Утврдените трошоци во член 1 и 2 од оваа Одлука што се предмет на ослободување, се на товар на Општината Ѓорче Петров.

**Член 4**

Припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров, се целосно ослободени од обврската за плаќање на надоместокот за делумно уредување на градежното земјиште на територија на Општина Ѓорче Петров, за делот кој се уплаќа на сметка на Општина Ѓорче Петров за:

- станбени објекти за индивидуално домување (класа на намена „А1“) со вкупна површина до 100 m2 корисна нето површина за семејно домување во семејна куќа.

Ослободувањето од обврската за плаќање од претходниот став на овој член, може да биде искористено еднократно од страна на барателот .

**Член 5**

Ослободувањата утврдени во член 1, член 2 и член 4, се однесуваат на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија", бр. 2/02, 17/03, 30/04, 66/07 и „Службен весник на Република С. Македонија", бр. 53/21).

**Член 6**

Стручно-административната служба на Општина Ѓорче Петров е должна да ја координира постапката за реализацијата на ослободувањата од плаќање утврдени со оваа Одлука.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1744/3**
**од 15.09.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2023 година**

Се објавува Одлуката за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетитретата седница на советот, одржана на ден 15.09.2023 година.

**Број 09-1787/2**
**од 15.09.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.08/23) и член 3 од Правилникот за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 5/16), советот на Општина Ѓорче Петров на 33-та седница одржана на ден 15.09.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување награди, пофалници и признанија**
**на учениците и наставниците од основните училишта во**
**Општина Ѓорче Петров во 2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров доделува награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2023 година, на следните ученици:

**Плакета за Првенец на генерација за 2014/2023 година на Општина Ѓорче Петров се доделува на:**

- **Сара Цветкова** - ученик во ООУ „Мирче Ацев“ за првенец на генерација 2014/2023 година;

Наградата се состои од Плакета и награда (часовник, компјутер, лаптоп и др.) во вредност од 15.000,00 денари.

**Дипломи за најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение на Општина Ѓорче Петров за учебната 2022/2023, се доделуваат на:**

- За IV одд. **Андреа Кулевска**, ученик во ООУ „Тихомир Милошевски“

Наградата се состои од Диплома и награда (часовник, таблет, енциоклопеција и др.) во вредност од 5.000,00 денари.

- За V одд. **Маријан Марков**, ученик во ООУ „Мирце Ацев“

Наградата се состои од Диплома и награда (часовник, таблет, енциоклопеција и др.) во вредност од 5.000,00 денари.

- За VI одд. **Ивона Кицевска**, ученик во ООУ „Ѓорче Петров“

Наградата се состои од Диплома и награда (часовник, таблет, енциоклопеција и др.) во вредност од 5.000,00 денари.

- За VII одд. **Миња Раковиќ**, ученик во ООУ „Ѓорче Петров“

Наградата се состои од Диплома и ваучер за техника во износ од 3.000,00 денари.

- За VIII одд. **Андреј Крстевски**, ученик во ООУ „Тихомир Милошевски“

Наградата се состои од Диплома и награда (часовник, таблет, енциоклопеција и др.) во вредност од 5.000,00 денари.

- За IX одд. **Ема Думиќ**, ученик во ООУ „Ѓорче Петров“

Наградата се состои од Диплома и награда (часовник, таблет, енциоклопеција и др.) во вредност од 5.000,00 денари.

**Член 2**

**Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области за учебната 2022/2023 година, се доделуваат на:**

- **Теја Тодоровска**, ученик во ООУ „Димитар Поп Георгиев - Беровски“, за постигнат особен успех во областа на музичката уметност;

Наградата се состои од посебна диплома и награда (поврзана со областа за која е наградена) во вредност од 5.000,00 денари.

- **Деа Велески**, ученик во ООУ „Страшо Пинџур“, за постигнат особен успех во областа на спортот;

Наградата се состои од посебна диплома и награда (поврзана со областа за која е наградена) во вредност од 5.000,00 денари.

- **Горазд Трајковски**, ученик во ООУ „Мирче Ацев“, за постигнат особен успех во областа на литературното творештво и ликовната уметност;

Наградата се состои од посебна диплома и награда (поврзана со областа за која е награден) во вредност од 5.000,00 денари.

**Член 3**

Наградите ќе ги врачи градоначалникот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општина Ѓорче Петров „ 20 Септември“ во 2023 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-1744/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 15.09.2023 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2023”**

Се објавува Одлуката за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2023”, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетитретата седница на советот, одржана на ден 15.09.2023 година.

**Број 09-1787/3**
**од 15.09.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.08/23), член 7 став 1 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 6/06), член 4 од Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 7/12), советот на Општина Ѓорче Петров на 33-та седница одржана на ден 15.09.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
**„Ѓорче Петров 2023”**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општината „20 Септември”, доделува Годишна награда „Ѓорче Петров” 2023 година на:

- **Горјан Славески - светски шампион во бокс без ракавици.**

Наградата се состои од плакета, признание и паричен износ од 60.000,00 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-1744/5**
**од 15.09.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца - детска градинка „Росица“,**
**за период од 2022/2023 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца - детска градинка „Росица“, за период од 2022/2023 годинашто советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетитретата седница на советот, одржана на ден 15.09.2023 година.

**Број 09-1787/4**
**од 15.09.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.08/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 33-та седница одржана на ден 15.09.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца - детска градинка „Росица“, за период од 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ за период од 2022/2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1744/6**
**од 15.09.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ за период од 2023/2024 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ за период од 2023/2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетитретата седница на советот, одржана на ден 15.09.2023 година.

**Број 09-1787/5**
**од 15.09.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.08/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 33-та седница одржана на ден 15.09.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ за период од 2023/2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната Програма за работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ за период од 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1744/7**
**од 15.09.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца - детска градинка „Росица“ за 2024 година**

Се објавува Одлуката за усвојување финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца - детска градинка „Росица“ за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетитретата седница на советот, одржана на ден 15.09.2023 година.

**Број 09-1787/6**
**од 15.09.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 116 став 1 алинеја 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.08/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 33-та седница одржана на 15.09.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување финансиски планови**
**на Јавната Општинска Установа за деца - детска**
**градинка „Росица“ за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојуваат финансиските планови на Јавната Општинска Установа за деца - детска градинка „Росица“ за 2024 година и тоа:

- Финансискиот план на средствата од сметката од самофинансирачки активности 778010199678717 и
- Финансискиот план на средствата од сметката на наменските и блок дотациите 778010199690311;

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-1744/8** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 15.09.2023 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Ленче Нелоска с.р.**